12-1212/1
03.04.2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 16-тата седница одржана на 28.03.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2822/1 од 31.10.2024 година, оформен по анонимна пријава против службеното лице проф. д-р ------- ------- ---------, судија на -------- суд на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија констатира дека не е утврдена повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ниту на одредбите од член 111 од Уставот на РСМ, поради што нема основ за понатамошно постапување во рамките на своите надлежности.

Предметот со број 12-2822/1 од 31.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител на ден 31.10.2024 година е доставена пријава со наводи за постоење на злоупотреба на службена положба кај службено лице проф. д-р ------- ------- ---------, судија на -------- суд на РСМ, по што е оформен предмет со број 12-2822/1 од 31.10.2024 година. Во пријавата се наведува дека службеното лице по изборот за вршење на функцијата судија на ---------- суд на РСМ било работно ангажирано на проект за изработка на коментари за Законот за заштита на потрошувачите од страна на Министерството за економија и труд, за кој што била поведена постапка за оценување на уставноста на спомenatиот закон пред -------- суд на РСМ.  Кон пријавата се доставени прилози.

По разгледување на пријавата, ДКСК одлучи како во изреката на оваа одлука од следните причини:

Согласно со член 44 став 6 од ЗСКСИ службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

Согласно со член 111 од Уставот на РСМ, функцијата судија на Уставниот суд е неспојлива со вршење друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

Имено, Државната комисија констатира дека состојба при која службено лице - судија на -------- суд за време на вршењето на функцијата учествува во научни проекти или остварува приходи од авторски права не е во спротивност со член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ниту пак е спротивна на член 111 од Уставот на РСМ. Во конкретниот случај службеното лице врши само една јавна функција - судија на --------- суд на РСМ, а учеството на проект во рамки на кој треба да изработи научен коментар/водич за практична примена на закон е дозволено со закон и не претставува вршење на друга јавна фунција или професија, ниту е поврзано со засновање на работен однос, поради што Државната комисија ја запре постапката.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: П.Б. – советник
Согласен: И.П – раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК